**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**
**за административен и технички персонал во средно училиште**

## I. Општи одредби

Овој Кодекс ги утврдува етичките принципи, правилата на однесување и професионалните стандарди на административниот и техничкиот персонал во средното училиште, со цел обезбедување квалитетно функционирање, безбедна и достоинствена работна средина.

## II. Основни принципи

Административниот и техничкиот персонал е должен да постапува:

- законито, одговорно и совесно;
- професионално и услужно кон учениците, родителите и вработените;
- непристрасно, без дискриминација;
- со грижа за угледот на училиштето,

## III. Однесување и комуникација

- Вработените се должни да: комуницираат културно, јасно и со почит;
- Сите вработени се однесуваат љубезно, коректно и одговорно.
- не вршат вознемирување, навредување или злоупотреба на работната позиција;
- придонесуваат за позитивна клима и култура во училиштето
- Го почитуваат достоинството и личноста на учениците, родителите и колегите.

- Придонесуваат за безбедноста и позитивната клима во училиштето.
- Соработуваат со наставниците и раководството на училиштето.

## IV. Професионална одговорност

- Вработените, навремено и квалитетно ги извршуваат работните задачи;
- Навремено доаѓаат на работното место,
- Го почитуваат времетраењето на паузата, и не ја користат надвор од определеното време,
- Ги почитуваат интерните акти и упатства на училиштето,
- Се воздржуваат од непотребно влегување на час, освен во случај кога тоа го налага работната обврска,
- одговорно располагаат со опремата и средствата на училиштето, без непотребни „расфрлања“,
- Совесно ги извршуваат своите работни обврски,
- Го чуваат и правилно го користат училишниот имот,
- Почитуваат работна дисциплина и службена етика,
- Техничкиот персонал треба редовно и навремено да ги чисти училниците, ходниците и другите простории во училиштето,
- Техничкиот персонал треба да соработува со наставниците и другите служби и да се однесува во согласност со потребите на наставата,
- Техничкиот персонал се грижи за уредноста, чистотата во училишниот двор,
- Техничкиот персонал е со препознатлива облека (мантил за работа) за да можат родителите, учениците, наставниците и останатите вработени да ја распознаваат неговата дејност во училиштето за подобра комуникација,
- Техничкиот персонал секогаш ја проверува исправноста, состојбата на инвентарот (клупи, столчиња итн.) пред и по завршувањето на часовите и за секое отстапување го известува раководниот орган на училиштето( директорот),
- Техничкиот персонал ги има истите права и обврски како и останатите вработени во училиштето во согласност со решението за работа во СОУ "Таки Даскало" Битола и истите ги спроведува во согласност со Законот за работни односи,
- Директорот и стручните соработници се должни да го почитуваат Кодексот за однесување на наставниците,

## V. Доверливост и заштита на податоци

Вработените се должни да ја чуваат доверливоста на службените и личните податоци до кои доаѓаат при вршење на работата и да не дозволат нивно неовластено користење или „истекување“.

## VI. Безбедност и заштита при работа

Вработените се должни да ги почитуваат правилата за безбедност и заштита при работа и да придонесуваат за безбедна училишна средина.

## VII. Завршни одредби

Непочитувањето на одредбите од овој Кодекс претставува повреда на работната дисциплина и може да биде основ за поведување соодветна постапка согласно

важечките законски и интерни прописи.

Претседател на Училишен одбор

_____

Сашо Илиевски

Битола, 2025 година